Ст.бр. 24/2024

**ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО** и тоа стечајниот судија Иљаз Исмаили, постапувајќи по предлог трошковникот на привремениот стечаен управник Јосип Димитровски од Битола од 29.10.2024 година за утврдување на реално потребните трошоци за водење на стечајната постапка над должникот Друштво за трговија и услуги Емин Банески ЦРЕШНА КОМЕРЦ увоз-извоз Кичево ДООЕЛ, на ден 29.10.2024 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ОДОБРУВА ИСПЛАТА** од депозитната сметка на Основниот Суд Кичево во износ од 25.000,00 денари на име трошоци на стечајната постапка и награда за работа на привремениот стечаен управник.

Износот на трошоци и награда кои следуваат на привремениот стечаен управник да биде пренесен на следната жиро сметка: ДООЕЛ „ЈП КОНСАЛТ“ Битола, тран. сметка број 500-0000012271-74, Стопанска банка АД Битола, за привремениот стечаен управник Јосип Димитровски. Овие трошоци да бидат исплатени од авансираниот износ од 25.000,00 денари кои се уплатени на депозитната сметка на Основен Суд Кичево на ден 30.09.2024 година, од сопственикот Зеќија Банеска од Кичево, за Аванс за стечајна постапка.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До овој суд од страна на на предлагачот – должникот преку сопственикот Зеќија Банеска од Кичево, поднесен е предлог за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за трговија и услуги Емин Банески ЦРЕШНА КОМЕРЦ увоз-извоз Кичево ДООЕЛ. Сопственикот Зеќија Банеска од Кичево го авансираше износот од 25.000,00 денари за покривање на трошоците на стечајната постапка, за што е доставен налог до судот.

На ден 29.10.2024 година привремениот стечаен управник со писмен поднесок го извести судот дека во текот на стечајната постапка реално направените трошоци и награда за ангажман на стечајниот управник во вкупен износ од 25.000,00 денари.

Постапувајќи по предлог трошковникот на привремениот стечаен управник, имајќи ги во предвид реално направените трошоци на стечајната постапка, обемот на работа на привремениот стечаен управник извршени во текот на претходната постапка, времето потребно за извршување на должностите определени со решението на стечајниот судија и висината на авансираните трошоци, согласно одредбите од член 19 и член 37 од Законот за стечај и член 20 од Правилникот за награда и надомест на реално потребните трошоци на стечајниот управник, судот одлучи како во диспозитивот на решението.

**Стечаен судија,**
**Иљаз Исмаили с.р.**

Д-НО: Привремен стечаен управник и благајна на Основен Суд Кичево.